Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 16/0306
22.01 2018 год
Скопје

22.01.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2018 година, врз основа на примена жалба од „Репро принт ДООЕЛ Скопје, Нова Македонија", ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет порталот „Република" со текстот насловен „Минчо Јорданов: Ќе тужам доколку се користи терминот „Нова Македонија", го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 10.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 22 декември 2017 година, „Репро принт ДООЕЛ Скопје, Нова Македонија", поднесе жалба за текстот насловен „Минчо Јорданов: Ќе тужам доколку се користи терминот „Нова Македонија", објавен на 12 декември 2017 година, на интернет порталот „Република" (www.republika.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот се конструира и се пласира целосно измислена и неточна вест дека сопственикот на весникот „Нова Македонија", Минчо Јорданов, наводно упатил реакција и се заканил со тужба пред меѓународните судови доколку името „Нова Македонија" биде новиот предлог за име на државата.

„И покрај тоа што написот објавен на Република.мк е паравест, сметаме дека истиот тој ги нарушува новинарските стандарди и угледот на брендот, вработените и менаџментот на „Нова Македонија", посочуваат во жалбата од „Репро принт ДООЕЛ Скопје, Нова Македонија.

Жалителот додава дека, и покрај тоа што веста била пласирана во рубриката „Двоглед", тоа не го ослободува медиумот од одговорност.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Република"и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Република" не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 10.

***Член 10:*** *„Новинарот нема **свесно да создава,** ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)."*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јануари 2018 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека текстот, и покрај што наводно е сместен во рубрика од сферата на сатирата лесно може да дезинформира, да манипулира и да ги доведе читателите во заблуда.

Иронијата, сатирата и хуморот се нераскинлив дел од слободата на говорот, но само во случаи кога тие се жанровски прецизно лоцирани. Во спротивно, таквите новинарски содржини ќе се граничат со сензационализам.

И покрај тоа што редакцијата користи сличен формат на објавување информаци како и некои меѓународно познати сатирични изданија, сепак се занемарува веројатноста дека таквите содржини многу лесно би можело да бидат прифатени како вистинити, а особено доколку се поврзани или се однесуваат на политиката или актуелни случувања.

Редакцијата на Република, под оспорениот текст, наведува дека тоа е дел од рубриката "Двоглед" и образложува дека „секоја сличност со вистинските луѓе и институции е случајна". Но, притоа не нагласува експлицитно и доволно јасно дека содржината не кореспондира со реалноста. Веројатноста за дезинформирање на граѓаните е уште поголема доколку читателот се задржи само на насловот и накратко помине преку содржината.

Во ера кога ширењето лажни вести е вистински проблем, објавувањето содржини од ваков вид дополнително може да ги поттикне таквите тенденции. Несоодветното и неодговорното користење сатирични содржини може да се разбере и како промовирање дезинформации од идеолошки причини, правејќи инсинуации што се штетни за општеството. Освен тоа, ваквите содржини лесно и брзо се шират на социјалните мрежи и на Интернет и може да привлечат големо внимание од страна на граѓаните.

Одговорното новинарство подразбира дека известувањето, без оглед на жанрот што се користи, секогаш мора да биде во служба на вистината и етичките стандарди.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува интернет порталот „Република“ (www.republika.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595